Врз основа на член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на РМ бр.28/04...61/16), а во врска со член 33 од Статутот на АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС АД Велес, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 19.06.2019 година едногласно ја донесе следната:

АД за производство на метални и електромашински производи
ПРОЛУКС
Бр. 02-33
19.06. 2019 год.
ВЕЛЕС

# ОДЛУКА

1. Се свикува годишна седница на Собрание на акционери на АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес, кое ќе се одржи на ден 29.07.2019 година (понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на друштвото на ул.„Васа Кошулчева" бр.бб, општина Велес.

2. Собранието ќе работи по следниот дневен ред:

Процедурален дел
-Пријавување и евиденција за присуство на Собранието;
-Избор на претседавач на Собранието;
-Избор на бројач на гласови;

Работен дел
-Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишниот Извештај;
-Годишна сметка на друштвото и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
-Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор за 2018 година;
-Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2018 година;
-Извештај за работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на друштвото за 2018 година;
-Извештај за работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на друштвото за 2018 година;
-Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година и

3. Јавниот повик за свикување на годишна седница на Собрание на акционери кое ќе се одржи на ден 29.07.2019 година (понеделник) во 12.00 часот да се објави во дневниот весник Нова Македонија.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС ВЕЛЕС

**Претседател на Управен Одбор**

**ДЕЈАНА САМАРЏИОСКА**